# Press release

**For immediate release**

**Contact** Елеонора Згоњанин Петровиќ (070) 34 33 37

По повод петгодишнината од успешното работење на Штедилница ФУЛМ, во среда , 23.06.2004 во хотелот Холидеј Ин ќе се одржи прославата на Штедилница ФУЛМ. Штедилница ФУЛМ е основана во 1999 година и ја има следната мрежа на филијали низ Македонија: филијала Муртино, Струмица; Филијала Полог, Тетово; Филијала ЈСП, Скопје; Филијала Тиквешија, Кавадарци; Филијала Битола, Битола и Централа, Скопје.

Стево Андровиќ, претседател на Управниот одбор на Штедилницата упати “добредојде на повеќе од 200 членови, партнери и гости на Штедилница ФУЛМ “

Целокупните активности на Штедилница ФУЛМ се реализирани со финансиска подршка од Агенција на САД за меѓународен развој **USAID**, и со техничка подршка од **World Council of Credit Unions-WOCCU, (Светскиот совет на кредитни унии-ВОКУ) и Michigan credit union League-MCUL (Лигата на кредитни унии на Мичиген, САД)**

Прославата ја отвори USAID Macedonia Mission Director, Mr. Dick Goldman наведувајќи “Микро-финансиските институции, како што е ФУЛМ, се мал но важен елемент на развиениот финансиски систем кој обезбедува капитал за забрзан економски развој.”

На прославата на Штедилница ФУЛМ учествуваа многу интернационални финансиски експерти како, **Марта Ниначук,** Тим лидер за Европа и Азија на ВОКУ**, Дру Иган,** Потпретседател на Лигата на кредитните унии на Мичиген, **Кевин О Конер,** Претседател на Метро кредитна унија САД, **Мајкл Ганон** од Лигата на кредитни унии на Ирска, претставници од Централаната банка на Албанија.

Марта Ниначук од ВОКУ ќе нагласи дека “Нови предизвици не очекуваат во блиска иднина, како што Македонија се подготвува за пристапување кон Европската Унија. Ова ќе донесе значајни предизвици за банкарскиот сектор во Македонија во подготовките за усогласување со Директивите за Банкарство и Потрошувачки кредити на ЕУ“

Во текот на 2003, Штедилница ФУЛМ воспостави Партнерски програм со Лигата на кредитните унии на Мичиген, САД. Целта на овој партнерски програм е реализација на обука на вработените, маркетинг активности, подршка на активностите за модернизација на законската регулатива за мали финансиски институции.

Дру Иган, од Лигата на кредитни унии на Мичиген, САД ќе потенцира: ”Важно е да се запомни дека дури и најголемото дрво, започнува да расте од мало семе. Години наназад, кредитните унии во САД, имаа потешкотии за развој, но денес имаме 80 милиони членови со 600 милијарди штедни влогови. Ние се заложивме да и помогнеме на Штедилница ФУЛМ да го достигне овој ист тип на успех“

Во текот на своето петгодишно постоење Штедилница ФУЛМ сигурно и успешно се движи во насока на прогресот. **Штедилница ФУЛМ со задоволство го заслужува епитетот на една од најуспешните мали финансиски институции на македонскиот финансиски пазар.**

**Елеонора Згоњанин Петровиќ, Директор на Штедилница ФУЛМ, ќе истакне дека “ успехот на Штедилица ФУЛМ се должи на** поддршка од вработените и волантерите, Управните Одбори на Штедилница ФУЛМ и Здружението на граѓани ФУЛМ, УСАИД, ВОКУ и Лигата на кредитните унии на Мичиген “

Штедилница ФУЛМ во моментов има 3800 членови кои ги користат услугите на штедење во денари и услуги за кредитирање. Заштедите во Штедилница ФУЛМ од околу 1.2 милиони долари се одраз на стекнатата довербата на македонските граѓани да штедат во домашна валута.

Јорде Јакимовски, Претседател на Управниот одбор на Основачот, ќе истакне "Не можеме да живееме сами за себе или поради себе. Треба да соработуваме и треба да им служиме на другите. За нас како пионери, светот на кредитните унии е големо семејство и неограничен простор за соработка. Горди сме што стапуваме во партнерски однос со Лигата на кредитни унии Мичиген".

На прославата беа презентирани плакети од Штедилница ФУЛМ на најзаслужните членови кои во изминатите пет години допринесуваа за развој на штедно-кредитните унии во Македонија, на илјадитиот член на Филијала ЈСП, како и на долгодишните партнери USAID, WOCCU и MCUL за константната подршка на Штедилница ФУЛМ при градењето на вистинскиот кредитно кооперативен дух.

"Луѓето им помагаат на луѓе"